ЕВРОПСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
СКОПЈЕ

# БИЛТЕН

## БРОЈ 1/23



31.01.2023 година

# Р Е Ф Е Р А Т

**за избор на наставник во сите насловни звање од наставно-научна област „ИНТЕРНА МЕДИЦИНА" (30255-Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје**

Во врска со објавениот конкурс во дневниот весник „Вечер" на ден 27.12.2022 година, за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научна област „Интерна медицина" (30255 - Фраскатиева класификација), наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, на 178-та седница одржана на ден 13.01.2023 година, донесе Одлука бр. 02-36/1 за формирање Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Валон Асани - претседател;
- проф. д-р Атила Рецепи -член;
- проф. д-р Галина Димитрова -член.

По направената анализа на доставените документи Рецензентската комисија има чест и задоволство до наставно-научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје да го поднесе следниов:

## И З В Е Ш Т А Ј

По објавениот конкурс за избор на наставник во сите насловни звања од наставно-научна област „Интерна медицина" (30255 - Фраскатиева класификација) на Факултетот за дентална медицина, во предвидениот рок се пријави кандидат д-р Владимир Василев.

Врз основа на доставената Пријава бр.03-1364/1 од 27.12.2022 година и приложените документи: Професионална биографија – CV, Диплома за стекнат степен доктор на науки во соодветната област, Список на објавени научни и стручни трудови и 1 /еден/ примерок од истите, Доказ за познавање на странски јазик, Рецензионата комисија го констатира следното:

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Владимир Василев е роден на 28.01.1986 година во Битола, каде што со одличен успех завршува Основно и Средно образование.

Своето образование го продолжува на Медицинскиот факултет во Варна и дипломира во 2010 година со просечна оценка 9,81. Истата година полага Државен лекарски испит. Во период од 2011 до 2015 година специјализира

Интерна медицина на Медицинскиот факултет во Скопје, а во 2016 година запишува специјалистички академски студии по кардиологија на Медицински факултет во Белград.

Во период од 2015 до 2017 година завршува Супспецијализација по кардиологија во Клиничкиот центар во Србија со просечна оценка 10, со одбрана на тезата: „Проценка на функционалната значајност на граничните стенози преку одредување на резерва на коронарен проток (CFR), по примарна перкутана коронарна интервенција на инфарктната артерија со имплантација на стент" под менторство на проф д-р Бранко Белеслин.

Д-р Владимир Василев своето образование го продолжува со запишување на докторски студии на Универзитетот во Белград во 2017 година. Докторската дисертација под наслов „Предиктори на коронарна артериска болест кај пациенти со ревматиден артритис, примарен Сјогрен синдром, системска склероза и системски еритемски лупус" ја брани во 2022 година, под менторство на проф. д-р Арсен Ристич, и се здобива со научен степен доктор на медицински науки. Просечна оцена од положените испити за време на докторските студии е 9.33/10.

Своето прво работно искуство го стекнува со вработување во Клиничката болница „Д-р Трифун Пановски" во Битола, 2012-2015 година. Се усовршува во Клинички Центар Србија, Белград за перкутани коронарни интервенции под менторство на Академик д-р Горан Станкович, проф д-р Владан Вукчевич, проф д-р Арсен Ристич, интервентни радиолошки процедури на Одделот за интервентна радиологија под менторство на примариус д-р Момчило Чолич и детски интервентни кардиолошки процедури во Универзитетската детска клиника Тиршова под менторство на проф д-р Милан Цукич со соодветни сертификати. Едукација и за неинвазивна кардиологија-трансторакално ехо на срце под менторство на проф д-р Босиљка Вујисич-Тешич, трансезофагусно ехо на срце под менторство на примариус д-р Марија Боричич-Костич и доплерсонографија на крвни садови под менторство на д-р Драган Васич во Клиничкиот Центар Србија, Белград со соодветни сертификати. Краток престој и во Универзитетскиот Клинички Центар во Марибор за перкутана имплантација на аортен залисток (ТАВИ). Во период од 2019 до 2020 година работи во „ Жан Митрев Клиника" во Скопје како субспецијалист-кардиолог.

Во 2020 година е вработен во Болница „Меди Груп – Белград", како субспецијалист-кардиолог , каде останува до средината на 2022 година.

Почнувајќи од средината на 2022 година работи како колсултант во ВФВ Клиника во Скопје.

Д-р Владимир Василев е член на следните Медицински друштва и здруженија:

- Македонско лекарско друштво;
- Македонско кардиолошко друштво;
- Европско здружение за кардиологија.

## 2. СТРУЧНИ АКТИВНОСТИ

- Учество на Serbian conference on interventional cardiology, cardiovascular imaging and drug therapy 2018-2022;
- Учество на AMEC - Академски Медицински едукационен центар;
- Учество на CardioS-интернационални конгрес за клиничка кардиологија и срцева слабост 2018-2022;
- Учество на BASICS - Belgrade Summit of interventional Cardiologists 2017-2022.

## 3. ОБЈАВЕНИ НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

3.1 Differential impact of gender on the relationship between body mass index and mortality in STEMI patients undergoing primaru PCI; V Dedovic, D Milasinovic, D Jelic, V Vasilev, M Zivkovic, M Marinkovic, S Zaharijev, V Zobenica, A Pavlovic, Z Mehmedbegovic, M Tesic, S Stojkovic, V Vukcevic, M Asanin, G Stankovic; European Heart Journal, Volume 39, Issue suppl_1, Avgust 2018.

3.2 Assessment of the functional significance of borderline stenosis by determining coronary flow reserve, after primary percutaneous infarct artery intervention by stent implantation; Irena Colic, Vladimir Vasilev; Milan Dobric, Medical Youth, 2022.

3.3 Cardiovascular diagnosis in patients with rheumatoid arthritis, primary sjogren's syndrome, systemic sclerosis and systemic lupus erhytematosus; Vladimir Vasilev, ArsenRistic, Medical Youth,2021.

3.4 $H_2FPEF$ score predicts atherosclerosis presence in patients with systemic connective tissue disease; Vladimir Vasilev, Dejana Popovic, Gorica G. Ristic, Ross Arena, Goran Radunovic, Arsen Ristic; Clinical Cardiology, 2021.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од претходно изложената анализа на биографијата, професионалниот развој и резултатите на стручната, научната и научно-истражувачката работа на д-р Владимир Василев, како и од самиот преглед на изработените, рецензираните и објавени трудови, се гледа исклучително плоден наставен, научно - стручен и педагошки развој на кандидатот.

Врз основа на досегашните научни, стручни и педагошки резултати презентирани во неговите трудови, Рецензентската комисија има особено задоволство и чест да му предложи на Наставно – научниот совет на Факултетот за дентална медицина во состав на Европски универзитет Скопје, да го избере **д-р Владимир Василев** за наставник во звање **НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ** од наставно-научна област **„Интерна медицина"** (30255 - Фраскатиева класификација).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА:**

1. проф. д-р Валон Асани - претседател

________________________________

2. проф. д-р Атила Реџепи - член

________________________________

3. проф. д-р Галина Димитрова - член

________________________________